# ИЗВЕШТАЈ

## за избрани слободни изборни предмети од IV-VIII одд.за учебната 2025/2026 година

Со цел развивање на потенцијалите на секој ученик, како и мотивирање на учениците за учење и за самостојно насочување во понатамошното образование, на почетокот на месец септември 2025 година, се реализираше анкета за избор на слободни изборни предмети. На анкетниот лист беа наведени слободните изборни предмети од оние подрачја каде што во текот на месец април-мај 2025 година учениците се определиле за нив. Анкетниот лист беше изработен од страна на стручната служба на училиштето и наставниците врз основа на компетенциите и понудите на наставниците, интересите и потребите на учениците како и можностите на училиштето.

Врз основа на направената анализа на спроведената анкета на учениците од IV одделение, истите се определиле за следните слободни изборни предмети: за прво полугодие: Цртање, сликање, вајарство, театарот, уметност на емоции, изработки од хартија оригами, а во второ полугодие за: танцување, емоционална писменост и учам за моето здравје.

Според направената анализа од спроведенета анкета на учениците од V одделение добиени се резултати според кои учениците во првото полугодие се определиле за слободните изборни предмети: Логичка математика, Природните убавини на мојата татковина, Моделарство-креативни идеи-направи сам а во второто полугодие за Прва помош, Филозофија за деца, Разрешување на конфликти.

Учениците од VI одделение според добиените резултати од спроведената анкета во првото полугодие се определиле за следните слободни изборни предмети:Етика во религиите и Математичко-логичко резонирање а за второ полугодие Основи на културно однесување и фотографија.

Во VII одд. според добиените резултати од спроведената анкета во првото полугодие учениците се определиле за: Класична култура 2 и Воспитување преку параболите, мудрите изреки и приказните а во второто полугодие за Морал и етички вредности и Извидништво.

Според направената анализа на спроведената анкета на учениците од VIII одделение добиени се резултати споед кои во првото полугодие учениците се определиле за: Музиката и другите науки и уметности а во второто полугодие за слободниот изборен предмет Музички жанрови.